Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 07.12.2020

На 06.12.2020 во 21.30 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Д.С.(46) од с.Колари, кичевско, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2020 во 14.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Чаир го лишиле од слобода Б.Б.(42) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.12.2020 во 07.10 часот било пријавено дека на крстосницата од ул.„Гоце Делчев“ и ул. „Кузман Јосифоски“ во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди“, со прилепски регистарски ознаки, управувано од П.Т.(64) од Прилеп и патничко возило „рено меган“, со прилепски регистарски ознаки, управувано од З.Х.З.(34) од Прилеп. Во незгодата П.Т. се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобил З.Х.З., констатирани во Градската општа болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 06.12.2020 околу 21.30 часот во с.Здуње, гостиварско, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле Л.Ќ.(23) од гостиварски Добридол. При преглед кај него бил пронајден и одземен гасен пиштол „валтер“, калибар 9 милиметри. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок по член 80 став 1 од Законот за оружје.

На 06.12.2020 во 05.30 часот било пријавено дека во с.Копаница, скопско, патничко возило „опел калибра“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.З.(20), од с.Копаница, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември“. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.12.2020 во 11.40 часот во Полициската станица Центар, Б.Г.(67) од Скопје пријавил дека на кеј „13 Ноември“ бил каснат од куче скитник.

На 06.12.2020 во 17.27 часот било пријавено дека на регионалниот пат Тетово-с.Јажинце, непознато патничко возило удрило во пешакот И.А.(43) од с.Дебреше, по што го напуштило местото. Пешакот починал на место на незгодата. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Тетово и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено на обдукција. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.12.2020 во 12.40 во Полициската станица Кичево, З.Н.(41) од Кичево пријавил дека во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.И.(31) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 05.11.2020 во 22.15 часот, полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект во Тетово, сопственост на пријавениот, при што било констатирано дека објектот работи и во него имало повеќе гости послужени со пијалаци. На тој начин пријавениот постапил спротивно на одлука на Владата на Република Северна Македонија која се однесува на ограничување на работата на угостителските објекти, барови и кафетерии до 21.00 часот.

На 07.12.2020 околу 09.20 часот во СВР Тетово било пријавено дека околу 08.30 часот во товарно возило - влекач со полуприколка, со гевгелиски регистарски ознаки, кое го управувал и во кругот на Царинскиот терминал во Тетово го паркирал З.Д.(50) од Гевгелија, се наоѓаат непознати лица-мигранти. На местото веднаш излегле полициски службеници од СВР Тетово и во возилото биле затекнати пет лица од Либија: Р.Б.(23), М.А.(22), Ј.Ш.(22), О.М.(22) и О.Б.(16), кои со себе немале никакви документи за идентификација. Петмината мигранти биле приведени во Полициската станица Тетово и ќе бидат предадени во Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија за натамошна постапка.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Ф.(40) од Радовиш, Е.Џ.(44), Ш.И.(32), Б.Ј.(37), М.М.(37), М.Ј. (42), Б.Ј.(33), сите шест од Струмица и В.С.(34) од с.Еднокуќево – Босилево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија“. На 18.10.2020 во Радовиш, пред куќата на М.Ф., се одржувала семејна веселба. При преземање на мерки, полициски службеници констатирале дека сите пријавени постапиле спротивно на прописите и наредбите предвидени од страна на Владата за време на пандемија.

На 06.12.2020 полициски службеници од ОВР Прилеп од слобода го лишиле Б.С.(66) од Скопје, поради сомнение за сторени кривични дела „кражба“.По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2020 во 00.30 часот во СВР Скопје, А.Н.(43) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од О.А.(38) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.12.2020 во 13.45 часот било пријавено дека на регионалниот пат Штип-Аргулица, атар на с.Таринци, патничко возило „форд“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Д.(32) од Штип, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот Д.Ш.(34) од Штип се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Штип.

На 06.12.2020 во 11.50 часот во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода Р.К.(24) од Дебар, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(64) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест“. На 16.11.2020, полициски службеници не го пронашле пријавениот во домот каде престојувал и покрај тоа што имал Решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат за задолжителна изолација.

На 07.12.2020 во 04.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.С.(33) од с.Љубин, скопско, пријавил дека бил физички нападнат од неколку лица од обезбедување во казино во трговски центар во Скопје. Според пријавеното, тој со остар предмет повредил еден од напаѓачите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2020 во 20.25 часот било пријавено дека на регионалниот пат кај с.Калишта, струшко, патничко возило „ауди а6“, со струшки регистарски ознаки, управувано од Б.Ф.(21) од с.Шум, струшко, излетало од патот. Во незгодата сопатникот И.А.(22) од с.Франгово се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобиле возачот и уште еден сопатник Ф.Б.(22), констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 06.12.2020 околу 22.00 часот во СВР Скопје, А.К.(46) од Скопје пријавил дека, додека бил заедно со Л.К.(37) во нивниот двор на ул.„Цветан Димов“, Е.З.(44) од Скопје, кој бил заедно со М.Л. и С.Л., со пиштол испукал неколку проектили. Повредени лица нема, а полициски службеници излегле на местото на настанот и било констатирано дека биле оштетени три возила. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.12.2020 во 04.26 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Есперанто“ настанал пожар во две патнички моторни возила: „мерцедес“, сопственост на М.З.(50) од Скопје и „хјундаи пони“, сопственост на П.Т.(53) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 06.12.2020 во 08.25 часот во СВР Битола било пријавено дека во поранешниот интернат бил пронајден починат С.И.(41) од Битола. Екипа на Итна медицинска помош констатирала смрт без видливи траги на насилство. Увид извршила екипа од СВР Битола, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено за обдукција.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.И.(29) од с.Романовце, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 04.06.2020 на ул.„11 Октомври“ во Куманово, полициски службеници го затекнале пријавениот со патничко возило за време на забрана за движење на населението, донесена од Владата на Република Северна Македонија.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет